ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и

проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ: д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и

Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје,
по скратена постапка

Скопје, декември 2025 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со изградба на фотонапонските електроцентрали Битола 1, 2 и 3 се очекува да се добие зголемување на инсталираната моќност од обновливи извори на енергија од најмалку 180MW. Со имплементација на овие проекти ќе се придонесе за исполнување на стратешките определби и обврските согласно меѓународните договори за учеството на обновлите извори на енергија.

Со поддршка на Европската банка за обнова и развој во тек е имплементацијата на Проектот за фотонапонска електроцентрала Битола 1, додека со поддршка на КфВ во тек е имплементацијата на Проектот за фотонапонска електроцентрала Битола 2. Со имплементација на овие проекти, ќе се замени голем дел од производството на електрична енергија од фосилни горива, а со тоа и зголемување на учеството на производството на електрична енергија од обновливи извори.

Владата на Република Северна Македонија, на 46-та седница одржана на 28 јануари 2025 година, ја разгледа и усвои Информацијата за отпочнување на процедура за обезбедување на заем од КфВ Кредитна банка за обнова и Европска банка за обнова и развој (ЕБОР), со државна гаранција за проектот Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и му укажа на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (АД ЕСМ –Скопје) во соработка со Министерството за финансии веднаш да подготви и достави барање до КфВ и ЕБОР за доделување на средства во вид на заеми, обезбедени со државна гаранција за финансирање на проектот Фотонапонска електроцентрала Битола 3, со инсталирана моќност од 100 MW во кругот на РЕК Битола, чија инвестициска вредност е 86 милиони евра. На 20 мај 2025 година АД ЕСМ и Министерството за финансии го доставија горенаведеното барање до КФВ и ЕБОР.

По дополнителни анализи при изработка на Планот за набавка од страна на КФВ, ЕБОР и АД ЕСМ - Скопје, утврдено е дека вкупната инвестициска вредност изнесува 87 милиони евра и дека има потреба од обезбедување на дополнителни 1 милион евра за финансирање на проектот од КфВ како водечка финансиска институција. Заради тоа, овој проект треба да ја има следната финансиска структура:

- Заем од ЕБОР во износ до 37 милиони евра, обезбеден со државна гаранција и

- Заем од КфВ во износ до 50 милиони евра, обезбеден со државна гаранција.

Истовремено, АД ЕСМ – Скопје и КфВ при имплементација на проектот Ревитализација на хидроелектрани согледано е дека поради раст на цените има потреба од нови проценки и зголемување на вредноста на овој проект.

Имено, за реализација на проектот Ревитализација на ГХЕ – трета фаза, кој е дел од Програмата за обновлива енергија - енергетска транзиција на Владата на СР Германија, како Компонента I: Ревитализација на хидроелектрани, на 23.02.2023 година склучени се следните договори:

- Договор за заем меѓу АД ЕСМ - Скопје и КфВ,

- Посебен (Сепаратен) Договор, меѓу АД ЕСМ - Скопје и КфВ,

- Договор за грант, меѓу АД ЕСМ - Скопје и КфВ, и

- Договор за гаранција, меѓу Министерство за финансии и КфВ.

Вкупната проценета вредност на инвестицијата во 2021 година изнесуваше 36.125.500 евра и следствено на тоа обезбедени се:

- заем од КфВ во износ од 25.000.000 евра и

- инвестициски грант од инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан - ВБИФ во износ од 10.725.500 евра.

Согласно проценките изработени од страна на консултантот за имплементација, како и фактот дека до моментот е склучен договор за еден лот од предвидените седум, чија вредност го надминува првично предвидениот буџет за 70%, се очекува зголемени цени, односно зголемена вредност и за другите лотови. Горенаведените обезбедени средства би биле доволни само за трите главни лот-ови, кои се во напредна фаза (еден склучен договор и доставување на понуди за останатите два). Сепак, оправданоста за реализација на целокупниот проект, односно и на преостанатите четири лот-а, е од голема важност, а се проценува дека за нивна реализација ќе бидат потребни дополнителни средства во износ од 10.000.000 евра.

Имајќи го предвид горенаведеното, на 29.09.2025 година КфВ достави Term Sheet, со што го потврди интересот за ко-финансирање на овој проект со заем во износ од 60 милиони евра. Од овие средства 50 милиони евра се наменети за ко-финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3, како водечка финансиска институција, чии правила за набавки и имплементација ќе се применат. Останатите средства од 10 милиони евра се наменети за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани.

Во таа насока, на предлог на АД ЕСМ – Скопје, Владата на Република Северна Македонија, на 116-та седница одржана на 30 септември 2025 година, ја разгледа и усвои Информација за потребата за обезбедување дополнителни средства преку заем од КфВ, со државна гаранција, со кои би се затворила финансиската рамка, за проектот Компонентата I: Ревитализација на ГХЕ - трета фаза и дополнителни средства за финансирање на проектот ФЕ Битола 3 и му укажа на АД ЕСМ –Скопје во соработка со Министерството за финансии веднаш да подготви и достави барање до КфВ и ЕБОР за обезбедување на дополнителни средства во форма на заем со државна гаранција за затворање на финансиската рамка за проектот Ревитализација на ГХЕ – трета фаза во износ од 10 милиони евра и дополнителни средства за финансирање на ФЕ Битола 3 во износ од 1 милион евра, со што вкупниот износ на заем кој ќе се обезбеди од КфВ ќе изнесува до 60 милиони евра, а заемот од ЕБОР ќе изнесува до 37 милиони евра. Согласно заклучокот, АД ЕСМ во соработка со Министерството за финансии на 28.10.2025 година достави допис до КфВ и ЕБОР.

На 24.10.2025 година КфВ го достави нацрт текстот на договорите и на 2.12.2025 година усогласени беа Договорот за заем, кој ќе се склучи помеѓу АД ЕСМ – Скопје и КфВ и Договорот за гаранција, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и КфВ и истите се дадени во прилог на овој материјал.

По усвојувањето на Законот за гаранција од страна на Собранието на Република Северна Македонија и неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија", предвидено е склучување на:

- Договор за гаранција, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и КфВ;
- Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу АД ЕСМ – Скопје и КфВ и
- Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски меѓу Министерството за финансии и АД ЕСМ – Скопје.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ 165/14-пречистен текст и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, бр.151/21 и бр.12/25), во име на Владата на Република Северна Македонија, Министерот за финансии потпишува договор за издавање на гаранција кон странски заемодавач, како и договор за обезбедување на државна гаранција со субјектот во чие име е издадена, по претходно донесен закон за издавање на државна гаранција.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на проектот е изградба на Фотонапонска електроцентрала Битола 3 преку која се очекува да се добие зголемување на инсталираната моќност од обновливи извори на енергија од минимум 134 MWdc, како и зголемено производство на електрична енергија од околу 175 GWh годишно.

Со имплементација на проектот ќе се зголеми учеството на обновливи извори на енергија во земјата со што ќе се придонесе за исполнување на стратешките определби и обврските согласно меѓународните договори за учеството на обновлите извори на енергија и тоа:

- инсталиран капацитет на фотонапонската електроцентрала Битола 3 - 134 MWdc, при што просечното годишно производство на електрична енергија ќе изнесува околу 175 GWh,
- ќе се уредат околу 200ha земјиште во кругот на рудникот во РЕК Битола, за кое АД ЕСМ има обврска за рекултивација.

Преку зголемување на учеството на обновливите извори за производство на електрична енергија со овие проекти, би се компензирале годишни емисии на $CO_2$ доколку оваа енергија би се произвела од термоелектрани и тоа:

- 130.000t - за инсталиран капацитет од 134 MWdc и просечно годишно производство на електрична енергија од електроцентралата од 175 GWh.

Обезбедувањето на дополнителните средства за финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани ќе овозможи целосно да се искористи водениот потенцијал на постојните хидроелектрани, да се изврши модернизација на дотраената опрема со нова, при што се следат последните технолошки достигнувања во оваа област, да се зголеми моќноста на агрегатите, да се добие што поголемо производство, да се намалат тековните трошоци за одржување, и како крајна цел да се зголеми сигурноста и стабилноста на целиот електроенергетски систем на Република Северна

Македонија. Ревитализацијата на постројките ќе резултира со зголемување на производствениот капацитет за дополнителни 13,5 MW (3,5 MW во ХЕ Врбен со замена на турбинската опрема и 10 MW во ХЕ Тиквеш со замена на трансформаторите) и дополнително производство на електрична енергија од околу 47,5 GWh/годишно. Исто така, ревитализацијата вклучува мерки насочени кон зголемување или одржување на оперативната безбедност на постојните хидроелектрани. Животниот век на хидроелектраните ќе се пролонгира и со тоа се обезбедува нивно сигурно балансирање и обезбедување на електрична енергија во електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија во часови со вршна потрошувачка. Дополнително, новата опрема ќе гарантира подобра ефикасност и зголемување на производството на електрична енергија, без да влијае на режимот на вода. Проектот е исто така усогласен со заложбата за транзиција на чиста енергија, што значи намалување на увозот на енергија, развој на обновливи извори на енергија, зајакнување на регионалната енергетска безбедност, обезбедување на поголем економски раст и справување со постојаните предизвици со загадувањето.

Основно начело на кое се заснова овој предлог на закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и Проектот за ревитализација на хидроелектрани.

Следствено на тоа, АД ЕСМ – Скопје и КфВ ќе склучат Договор за заем, додека Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и КфВ ќе склучат Договор за гаранција, за обезбедување на средствата во вид на заем во износ од 60 милиони евра. Од овие средства 50 милиони евра се наменети за ко-финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3, а останатите средства од 10 милиони евра се наменети за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

АД ЕСМ ќе се задолжи со заем во износ до 60 милиони евра за финансирање на овие проекти.

КфВ го условува одобрувањето на заемот со издавање на гаранција од страна на Република Северна Македонија.

Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу КфВ и АД ЕСМ – Скопје во износ од 60 милиони евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку АД ЕСМ – Скопје не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Заемот ќе биде доделен под следните услови:

- Рокот за отплата на заемот е до 12 години, со вклучен грејс период до три години.

- Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и на 15 ноември.

- Каматната стапка ќе се утврдува одделно при секое повлекување од заемот.

Каматната стапка ќе биде варијабилна и ќе се пресметува како збир на:

- ЕУРИБОР за соодветниот период на камата и

- плус маргина која ќе се утврди на денот на склучувањето на Договорот за заем (на 5.12.2025 година изнесува 1%).

- На 5.12.2025 година каматната стапка изнесува 3,11%.

- АД ЕСМ - Скопје, ќе и плати на Кредитната банка за обнова - КфВ еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот. Еднократната провизија АД ЕСМ - Скопје, ќе ја плати пред првото повлекување од заемот, а доколку во рок од три месеци од денот на склучувањето на Договорот за заем АД ЕСМ - Скопје, не направи прво повлекување од заемот, тогаш ќе ѝ ја плати на Кредитната банка за обнова - КФВ еднократната провизија.

- АД ЕСМ - Скопје, ќе и плаќа на Кредитната банка за обнова - КфВ провизија во висина од 0,5% од неповлечените средства од заемот на годишно ниво, која се плаќа на полугодишни рати, кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и на 15 ноември. Провизијата од неповлечените средства ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог на закон и во Образецот за проценка на фискалните импликации даден во прилог на овој материјал.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА БИТОЛА 3 И ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ХИДРОЕЛЕКТРАНИ, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА - КФВ И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, да се донесе по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА БИТОЛА 3 И ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ХИДРОЕЛЕКТРАНИ, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА - КФВ И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

## Член 1

Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во износ од 60.000.000 евра, доколку Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

## Член 2

Условите и начинот на користење на заемот се утврдуваат со Договорот за заем од членот 1 од овој закон, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани.

## Член 3

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот, ќе ги врши Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

## Член 4

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 12 години, со вклучен грејс-период до три години.

Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и на 15 ноември.

Каматната стапка ќе се утврдува одделно при секое повлекување од заемот.

Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе и плати на Кредитната банка за обнова - КфВ еднократна провизија во висина од 1 % од износот на заемот.

Еднократната провизија од ставот 4 на овој член, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе ја плати пред првото повлекување од заемот, а доколку во рок од три месеци од денот на потпишувањето на Договорот за заем од членот 1 од овој закон Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, не направи прво повлекување од заемот, тогаш ќе ѝ ја плати на Кредитната банка за обнова - КФВ еднократната провизија од ставот 4 на овој член.

Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе и плаќа на Кредитната банка за обнова - КфВ провизија во висина од 0,5% од неповлечените средства од заемот на годишно ниво, која се плаќа на полугодишни рати, кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и на 15 ноември.

Провизијата од неповлечените средства од заемот од ставот 6 на овој член ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе склучат посебен договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА БИТОЛА 3 И ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ХИДРОЕЛЕКТРАНИ, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА - КФВ И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Имплементатор на проектите ќе биде АД ЕСМ – Скопје. Проектите ќе се финансираат со заем од КфВ во износ од 60 милиони евра.

Заемот ќе биде доделен под следните услови:

- Рокот за отплата на заемот е до 12 години, со вклучен грејс период до три години.
- Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и на 15 ноември.
- Каматната стапка ќе се утврдува одделно при секое повлекување од заемот.

  Каматната стапка ќе биде варијабилна и ќе се пресметува како збир на:

    - ЕУРИБОР за соодветниот период на камата и
    - плус маргина која ќе се утврди на денот на склучувањето на Договорот за заем (на 05.12.2025 година изнесува 1%).

  На 05.12.2025 година каматната стапка изнесува 3,11%.

- АД ЕСМ - Скопје, ќе и плати на Кредитната банка за обнова - КфВ еднократна провизија во висина од 1 % од износот на заемот. Еднократната провизија АД ЕСМ - Скопје, ќе ја плати пред првото повлекување од заемот, а доколку во рок од три месеци од денот на склучувањето на Договорот за заем АД ЕСМ - Скопје, не направи прво повлекување од заемот, тогаш ќе ѝ ја плати на Кредитната банка за обнова - КФВ еднократната провизија.

- АД ЕСМ - Скопје, ќе и плаќа на Кредитната банка за обнова - КфВ провизија во висина од 0,5% од неповлечените средства од заемот на годишно ниво, која се плаќа на полугодишни рати, кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и на 15 ноември. Провизијата од неповлечените средства ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем.

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и сервисирањето на заемот ќе ги врши АД ЕСМ – Скопје од приходите кои ги остварува.

КфВ го условува одобрувањето на заемот со давање на гаранција од страна на Република Северна Македонија, заради што Република Северна Македонија ќе склучи Договор за гаранција со КфВ, со кој ќе го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, доколку АД ЕСМ – Скопје не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ 165/14-пречистен текст и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, бр.151/21 и бр.12/25), во име на Владата на Република Северна Македонија,

Министерот за финансии потпишува договор за издавање на гаранција кон странски заемодавач, како и договор за обезбедување на државна гаранција со субјектот во чие име е издадена, по претходно донесен закон за издавање на државна гаранција.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем со цел реализација на овој проект, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По усвојувањето на Законот за гаранција од страна на Собранието на Република Северна Македонија и неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, предвидено е склучување на:

- Договор за гаранција, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и КфВ;
- Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу АД ЕСМ – Скопје и КфВ, и
- Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски меѓу Министерството за финансии и АД ЕСМ – Скопје.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за Фотонапонска електроцентрала Битола 3.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со имплементација на проектот ќе се зголеми учеството на обновливи извори на енергија во земјата со што ќе се придонесе за исполнување на стратешките определби и обврските согласно меѓународните договори за учеството на обновливите извори на енергија и тоа:

- инсталиран капацитет на фотонапонската електроцентрала Битола 3 - 134 MWdc, при што просечното годишно производство на електрична енергија ќе изнесува околу 175 GWh,
- ќе се уредат околу 200ha земјиште во кругот на рудникот во РЕК Битола, за кое АД ЕСМ има обврска за рекултивација.

Преку зголемување на учеството на обновливите извори за производство на електрична енергија со овие проекти, би се компензирале годишни емисии на CO2 доколку оваа енергија би се произвела од термоелектрани и тоа:

- 130.000t - за инсталиран капацитет од 134 MWdc и просечно годишно производство на електрична енергија од електроцентралата од 175 GWh.

Обезбедувањето на дополнителните средства за финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани ќе овозможи целосно да се искористи водениот потенцијал на постојните хидроелектрани, да се изврши модернизација на дотраената опрема со нова, при што се следат последните технолошки достигнувања во оваа област, да се зголеми моќноста на агрегатите, да се добие што поголемо производство, да се намалат тековните трошоци за одржување, и како крајна цел да се зголеми сигурноста и стабилноста на целиот електроенергетски систем на Република Северна Македонија. Ревитализацијата на постројките ќе резултира со зголемување на производствениот капацитет за дополнителни 13,5 MW (3,5 MW во ХЕ Врбен со замена на турбинската опрема и 10 MW во ХЕ Тиквеш со замена на трансформаторите) и дополнително производство на електрична енергија од околу 47,5 GWh/годишно. Исто така, ревитализацијата вклучува мерки насочени кон зголемување или одржување на оперативната безбедност на постојните хидроелектрани. Животниот век на хидроелектраните ќе се пролонгира и со тоа се обезбедува нивно сигурно балансирање и обезбедување на електрична енергија во електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија во часови со вршна потрошувачка. Дополнително, новата опрема ќе гарантира подобра ефикасност и зголемување на производството на електрична енергија, без да влијае на режимот на вода. Проектот е исто така усогласен со заложбата за транзиција на чиста енергија, што значи намалување на увозот на енергија, развој на обновливи извори на енергија, зајакнување на регионалната енергетска безбедност, обезбедување на поголем економски раст и справување со постојаните предизвици со загадувањето.